АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-12-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6879 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар

3. **Период опфатен со надзорот:** 23 ноември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 декември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 18.08.2015 година, за непочитување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-973, 18.08.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар.*
*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар, емитуван на 23 ноември 2015 година, на регионално ниво (Д8 – Попова Шапка), е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост**

постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***